**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

(Објавено во „Службен весник на РМ" бр. 62/11)

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10), член 36 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08 и 24/11) и точка 24 од Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ" бр. 31/09, 34/09, 66/09, 157/09 и 73/10), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи

I. Во Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/09, 136/09, 13/10 и 90/10), се врши следново дополнување:

Во точката 5, став 2, алинеја 11 на крајот на реченицата по зборот „(нерезидент)", се додаваат зборовите: „за секоја трансакција која вклучува сума поголема од 500 евра во денарска противвредност."

II. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**У бр.4114**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**м-р Петар Гошев**